Архивски број: 08-307/2
година
07-08-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-673/1 од 16.9.2025 година, поднесена од ----- од ----- против ----- од -----, за заштита од дискриминација во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација сторена од -----од ----- врз малолетното лице, -----, во областа на образование.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 16.9.2025 година е доставена претставка бр. 08-673/1 од страна ----- од -----, во име на неговиот малолетен син -----, со наводи за одредено постапување од страна на ----- од ----- кој е вработен како наставник по физичко воспитување во -----. Како дискриминаторски основи ги наведува лично својство и општествен статус, образование и друг основ образложен како омаловажување и имитирање на емоционално осетливо дете со посебни потреби.

Имено, подносителот доставува во прилог на претставката дел од записник на ----- (во понатамошниот текст: улилиштето), бр. ----- од 3.9.2025 година. Од содржината на доставената прва страна на наведениот записник, се увидува дека е опишан настан случен на 3.9.2025 година, на час по Физичко и здравствено образование во спортската сала на училиштето. Часот бил одржан за учениците од V 6 одделение во во тандем час со одделенскиот раководител - специјален едукатор и рехабилитатор ----- и наставникот по Физичко и здравствено образование ----- задолжен и распределен за реализација на настава во учебната 2025/26 во тоа одделение. Во салата истовремено се реализирал и час за учениците од предметна настава од VII одделение предводени од наставникот по Физичко и здравствено образование -----. Наведено е дека во средината на часот ученикот со посебни потреби ----- кој е со дијагноза церебрална парализа која кај ученикот предизвикувала целосно забавен психомоторен развој проследен со отежнато движење бил исмејуван од страна на наставникот ----- кој и воопшто не бил задолжен и распределен за реализација на часови со ученици со ПОП во предметна настава, туку за реализација на тандем часовите со ученици со ПОП во одделенска настава. Се истакнува дека наставникот ----- се исмејувал и цинично го следел

ученикот ----- имитирајќи го потсмејувачки неговото отежнато движеење и неговиот специфичен начин на движење предизвикан од неговата дијагноза. Ученикот по таквата постапка предизвикана од наставникот ----- видно се растревожил и почнал посилно да шутира со топка колку што дозволувале неговите индивидуални способнсти и можности и кај него се појавила налутена фацијална експресија проследена со солзи во очите.

Се наведува дека на тоа реагирал наставникот по Физичко и здравствено образование ----- кој рекол: „ Зошто го исмејуваш ученикот, зошто го исмејуваш неговиот начин на движење и зошто ја исмејуваш неговата состојба? Дали си свесен што правиш и какво влијание ќе има ова врз неговото психичко здравје и состојба?“.

Со тоа завршува содржината од првата страна на записникот.

Во прилог на претставката подносителот доставува и Барање од него до училиштето и дисциплинска комисија, заведено под бр. 03-269/1 на 15.9.2025 година, со кое бара поведување на дисциплинска постапка против наставниот -----.

Комисијата ја достави претставката во прилог на Барање за изјаснување бр. 08-673/2 од 3.10.2025 година, до училиштето со назнака за достава до наставникот -----, со цел истиот да се изјасни за наводите во претставката.

На 20.10.2025 година, до Комисијата стигна поднесок бр. 03-300/4 од 13.10.2025 година, од училиштето со кое тие се изјаснуваат за наводите во претставката, а не наставникот против кого е поднесена истата. Во поднесокот се наведува дека фактите од Записникот бр. ----- од 03.09.2025 година се вистинити и дека постои и втора страна која не е доставена а на која е преостанатиот дел од немилиот настан и потписите од наставниците од чија страна бил составен записникот. Наведуваат дека тој немил настан не е единствен кој е направен од страна на наставникот. По настанот наведен во преставката поднесена од родителот -----. училиштето поднело преставка до Државниот просветен инспекторат против вработениот -----, по што вонреден инспекциски надзор извршил државниот просветен инспектор ----- на 25.09.2025 година и донела решение бр----- на -----.2025 година. Во решението не било преземено ништо против наставникот, туку биле најдени виновни директорот и Училишниот одбор против кои била изречена и опомена. Незадоволни од решението поднеле и жалба во која барале предметот да се врати на повторно одлучување. Во решението инспекторот не го земал во предвид предметот на преставката (истакнуваат цитирано: „преставката како да е поднесена од -----“), односно не го гледал или не сакал да го види проблемот, свесно дозволувајќи со тоа да дојде до несакани последици од поголеми размери. Понатаму, истакнуваат дека од одредено стручно мислење инспекторот земал само определени делови врз кои се повикал на одредби од Законот за наставиници и стручни соработници во основните и средните училишта, констатирајќи неправилности од страна на училишниот одбор и директорката, а притоа според нив не утврдил дискриминација, повреди психички и физички врз учениците од страна на наставникот. Укажуваат на тоа дека наставникот ----- е пет години вработен во училиштето и дека требало да научи како се одржува работна дисциплина на часот, повторно истакнувајќи дека тој на часовите


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

посветувал внимание само на себе со играње кошарка или со мобилен телефон. Наведуваат дека истиот и магистрираше и остварил и дефектолошката дообразба, со што треба да ги сака учениците со посебни потреби и да им посветува поголемо внимание и да ги познава нивните потреби, а не да ги понижува. Спомнуваат за насилничко однесување од страна на наставникот во повеќе наврати, како и дека истиот имал покренато и работен спор пред Основниот суд -----, но дека по предложени докази од нивна страна одма било повлечено тужбеното барање, поради тоа што биле свесни од страната на тужителот дека судот на сите овие докази и сведоци не може да донесе пресуда во нивна корист и ако им се одбие тужбеното барање и ако пресудата стане правосилна за истото барање немало да можат повторно да поднесат тужба. Дополнително наведуваат дека за постапувањето и одлучувањето на инспекторката се жалеле и до Советот на просветни инспектори а известено било и Министерството за образование и наука. За настанот од претставката од страна на директорката била формирана и дисциплинска комисија за водење на дисциплинска постапка, но дека од страна на просветниот инспектор и од Државниот инспекторат за труд им било укажано дека за време на избори не можело тоа да го прават, односно го посочиле членот 8-а од Изборниот законик, во делот за неможност за отпочнување постапки за вработување и престанок на работен однос. Во прилог доставуваат копии од Претставка до Државен просветен инспекторат, Записник од наставници за настанот од претставката, односно целосниот записник, Решение од ДПИ за опомена на директор и Училишен одбор и Записник на ДПИ од извршен вонреден инспекциски надзор.

Од причини што по претставката не се изјасни лицето против кое е поднесена истата, Комисијата горенаведеното Барање за изјаснување го испрати до ова лице електронски на неговата адреса за електронска пошта.

На 5.12.2025 година, ----- со Поднесок заверен под бр. 08-673/7 се изјасни во однос на поднесената претставка против него. Тој истакнува дека наводите во претставката и во Записникот на двата наставника за настанот од 3.9.2025 година, се неточни и неосновани. Имено, наведува дека се работело за намерно извртување на непостоечка ситуација со која што се продолжува нападот кој се вршел против него, а кој траел повеќе од една година. Смета дека се работи за тенденциозно прикажување на непостоечка состојба, со што се продолжуваат постапки и притисоци насочени кон него. Наведува дека тој не му бил наставник кој одржува настава на ученикот ----- и не направил ништо во смисла на тоа да го исмејува и понижува детето во присуство на негов колега и други ученици. Истакнува дека во контекст на тоа се имал произнесено и во неговите дописи кон училиштето. Според него, апсолутно се неточни наводите дека на ден 03.09.2025 година, во спортстката сала при училиштето на часот по Физичко и здравствено образование го исмејувал ученикот ----- кој има дијагноза церебрална парализа, ниту пак било кој друг ученик. Дополнително истакнува дека работи во училиштето во кое учат деца кои се со посебни потреби со целосна негова посветеност и од таа причина нема никаков основ за настанот и искривувањето на вистината во претставката поднесена од страна на родителот -----.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Наведува дека без навлегува во детали од каде што потекнувал самиот проблем на кратко би појаснил дека против него од страна на неговиот работодавач, ----- се воделе оркестрирани постапки се со цел на било каков начин да се прекине неговиот работен однос и дека се водела континуирана хајка против него. Во контекст на наведеното укажува дека и самиот тој имал поднесено претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, заведена под бр. 08------/1. Посочува дека тој има и улога на педагог работејќи во училиштето цело време со деца на кои им е потребен внимателен третман и педагошки пристап. Укажува на тоа дека и самата претставка против него претставува потврда за хајката која работодавачот ја води против него, потенцирајќи и дека го саботирале со тоа што и барањето за изјаснување со претставката не било проследено до него, туку истото го добил по електронски пат на емаил од Комисијата, за што имал можност да го достави одговорот.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во согласност со членот 26 од Законот, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката на подносителот, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација од страна на ----- врз ученикот -----.

Комисијата во предвид ги зеде фактите дека во извесен период се евидентирале повеќе настани во кои бил инволвиран наставникот -----, а видно и од Записникот бр. ----- на Државниот просветен инспектор. Во предвид се земени наводите од Записникот бр. ----- од 3.9.2025 година, во кои се опишува настан поврзан со ученикот -----, без притоа да се утврдат објективни факти во насока на дејствија за


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

сторена дискриминација. Сите од наведените дејствија се однесуваат на реализација на воспитно-образовен процес согласно утврдена програма за реализација на настава со индиции за постапување согласно член 19 од Законот за наставници и стручни соработници во основни и средни училишта, што било утврдено од просветниот инспекторат, а за што биле должни од училиштето, пред сè директорот да иницираат соодветна постапка согласно напреднаведениот член, нешто што не било претходно направено. Следствено, самиот настан содржан во претставката не е дополнително поткрепен со аргументирани факти со што би се констатирале дискриминаторски дејствија од страна на наставникот. Сите факти и околности од наведените хронолошки настани претходно и од самиот предметен настан во претставката, не индицираат дејствија на дискриминација, односно не претставуваат дискриминаторски сторувања онака како што е определено во членовите 5, 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискримнација, а самите наводи во Записникот на двајцата наставници за настанот од 3.9.2025 година, не беа земени за веројатни во смисла на префрлање на товар на докажување.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*
*1. Подносителот*
*2. -----*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk